РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-340/2
07-09-2022 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 74-та седница одржана на ден 05.09.2022 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-340/1 од 25.01.2022 година, со наводи за незаконски одземен дел од недвижен имот, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување во конкретниот случај, од причина што предметните наводи се однесуваат на повреда на индивидуално право при имотно-правни односи и нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност.

Предметот со број 12-340/1 од 25.01.2022 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 25.01.2022 година, поднесена е пријава со наводи за незаконски одземен дел од недвижен имот и оформен е предмет број 12-340/1 од 25.01.2022 година.

Во пријавата подносителот наведува дека незаконски му била одземена една половина од неговиот наследен дел на недвижен имот од страна на друг наследник. Оставителот на подносителот на барањето и оставителот на наследникот кој незаконски се стекнал со дел од недвижен имот, во 1963 година склучиле усмен договор со кој поделиле 2/3 од имотот, додека половина од останатата 1/3 во сопственост на третиот оставител била отуѓена со решенија во периодот од 1965 до 1976 година. По смртта на третиот оставител, неговата внука од ќерка која била вработена во ------------------- и нејзиниот сопруг кој бил вработен во --------------------- во соработка со тогашниот судија ------------------- од Општинскиот суд ----------, имајќи информации за проширувањето на рудникот ---------------- успеале да одземат дел од имотот на подносителот на барањето, по што имотот бил предмет на експропријација на земјиште. Подносителот на барањето бара да му биде вратен одземениот имот и исплатените парични средства од страна на РЕК Битола по основ на експропријација на земјиште.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека содржаните наводи во пријавата се однесуваат на повреда на индивидуално право во имотно-правни односи и нема

јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**